**2021023360**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 41 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20 и 311/20), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ, УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија″ бр. 109/19 и 192/20), во член 5 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„За време на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), како имот кој корисникот на правото на гарантирана минимална помош може да го отуѓи или изнајми и на тој начин да се издржува, се смета стан во кој не живее, регистрирано моторно возило не постаро од пет години (патничко моторно возило, мотор над 50 см3, комбе, автобус, камион, комбајн и трактор) и градежно земјиште со површина над 500 м2, освен земјиштето на кое се наоѓа објектот каде корисникот живее.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-87/3
27 јануари 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.